ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

Перцепции на граѓаните за Еврејската заедница и Евреите во Република Северна Македонија

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

www.kas.de

ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

Перцепции на граѓаните за Еврејската заедница и Евреите во Република Северна Македонија

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

Импресум

Наслов:
Перцепции на граѓаните за Еврејската заедница и Евреите во Република Северна Македонија

Автори:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

Издавач:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

Координација:
Даниел Браун
Роберт Јанев

Статистичка/квантитативна анализа:
Гораст Стојменовски

Дизајн:
Винсент Графика Скопје

Фотографија на насловна страница:
Аворските права за фотографијата ги задржува фондацијата Конрад Аденауер

Книгата може бесплатно да се преземе на:
kas.de/nordmazedonien

Напомена:
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

Содржина

Вовед 5

Концепт на истражувањата 7

Методологија на истражување 8

Демографски карактеристики 15

Табеларен приказ на резултатите 22

Вовед

Интернет порталот Религија.мк, Институтот за политички истражувања - Скопје (ИПИС) заедно со Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) го реализираа најновото истражување на јавното мислење од повеќегодишниот проект кој ја анализира перцепцијата на граѓаните во врска со влијанието на религијата во мулти-конфесионални општества.

Ова најново истражување е фокусирано на една од петте уставно застапени верски заедници во државата а тоа е Еврејската заедница и нејзините членови. Евреите во Република Северна Македонија имаат важен историски континуитет како заедница и затоа се вброени меѓу петте уставни верски заедници, кои имаат посебен уставен статус во државата. Нејзината историја и значење е исклучително важно, иако во современата македонска држава, станува збор за една од најмалку бројните верски заедници, нешто што не било случај во минатото.

Еврејската заедница со својата присутност во светот, претставува дел од мулти-религискиот спектрум во земјата, па од тие причини во рамки на проектот за истражување на перцепцијата на граѓаните на Република Северна Македонија за улогата на религијата во општетсвото, Религија.мк и Институтот за политички истражувања-Скопје, заедно со Фондацијата Конрад Аденауер го спроведуваат ова истражување, кое дава интересни податоци околу повеќе аспекти.

Појдовни точки на истражувањато беа неколку елементи, меѓу нив и утврдување на општата перцепција на јавноста за улогата на Еврејската заедница во земјата, стереотипите на јавноста за членовите на оваа верска заедница, нејзиното позиционирање во општеството, како и геополитичките случувања кои на некој начин се поврзани со оваа верска заедница.

Ова истражување е структуирано во три дела преку кои се добива јасна и прецизна слика за улогата на оваа верска заедница во општеството, низ призмата на перцепцијата на граѓаните за истата. Прашањата се формулирани така за да се овозможи целосно објективен приказ.

Првиот дел од истражувањето, традиционално е замислено како еден верски барометар, и од него се добива јасен преглед за религиозноста, припадноста кон одредена верска заедница и степенот на практикување на религијата кај граѓаните.

Најновото истражување не покажува некакви големи осцилации во поглед на тоа, на која религија граѓаните се определиле. Процентот на верска припадност е над 95% од анкетираните, што покажува високо ниво на религиозна определеност на општеството, што е впрочем константа во изминатите години.

Иако нешто помал, сепак висок е процентот на самоидентификација за религиозност, а со оглед на тоа дека станува збор за поделеност меѓу две доминантни верски убедувања, тоа општеството го прави и сензитивно за верските чуства.

Во овој дел истражувањето ги потврдува процентите од претходните истражувања и во поглед на практикувањето на религијата од страна на верниците, во речиси ист степен, без некои позначајни осцилации.

Првата група на прашања од специјализираното истражување беа насочени кон тоа да се добие јасна слика колку македонските граѓани имаат познавања за Евреите, нивната религија, нивните празници како и нивната традиција.

Прашањата беа од типот: „Дали Евреите имаат своја религија?“ „Дали знаат некој еврејски празник?“, „Дали има Синагога во

Р.С.М?“, како и прашање за наведување на Светата книга на Јудаизмот.

Во овој дел истражувањето откри сериозно поразителни резултати за тоа колку македонските граѓани не се познаваат меѓу себе, односно висок степен на неинформираност за религијата и верувањата на Евреите. Најчестиот одговор во оваа група прашања беше „Не знае“ или „Нема одговор“. Во табеларниот приказ кој е дел од ова истражување, детално може да се види етничката, образовната и социјалната структура на испитаниците, преку која може да се анализира која група на испитаници какви познавања има за Евреите и нивната религиозност во земјата.

Непознавањето на Еврејската заедница, пак е една од причините за стереотипноста на граѓаните, која може да се дефинира низ следната група прашања.

Втората група на прашања од ова истражување беше фокусирана токму на улогата на Еврејската заедница во македонското општество. Овде беа опфатени прашања од типот „Каква улога има Еврејската заедница во општественото живеење во Република Северна Македонија (позитивна, негативна)“, „Дали македонските Евреи ја почитуваат и се лојални граѓани на државата?“, но и прашања од кои се добива слика за тоа дали мулти-конфесионалноста на општеството е декларативна, или реална слика. Таквите одговори беа добиени од вркстени прашања од типот „Дали би прифатиле Евреин за пријател, другар, како дел од семејството...“

Дополнително во овој дел се истражуваше и перцепцијата на граѓаните околу соживотот на членовите на Еврејската заедница со останатите верници, односно со припадници на која вероисповед се поблиски – христијанство или ислам...

Директните прашања произлезени од стереотипноста за Евреите како богати, моќни, влијателни лобисти во светот, се исто дел од истражувањето, кое дава една испреплетена слика на размислувања од граѓаните, од кои пак се чита дека нивното непознавање за Евреите е прилично влијателно врз конфузноста на одговорите.

Генерално, сепак граѓаните ја препознаваат Еврејската заедница со позитивна улога во општеството, а нејзините членови како лојални граѓани. Пријателство, другарство, но и прифаќањето на еден Евреин како дел од семејството не би бил сериозен проблем за граѓаните од другите верски заедници.

Сепак, мора да се напомене дека и во оваа група прашања, одговорите кои отсликуваат непознавање е прилично висок, што доведува до состојба во која речиси една четвртина од испитаниците немаат свое мислење.

Третата група на прашања беше структуирана за да ја отслика перцепцијата на јавноста околу геополитичките состојби и Евреите, како и прашања поврзани со историјата на Евреите, холокаустот и депортацијата.

Одговорите беа добиени преку прашања за влијанието на Евреите во светот, познавањето или непознавањето за холокаустот кај граѓаните.

Она што е генерална слика од другите два дела се отсликува и во овој трет дел, каде што граѓаните не покажуваат високо ниво на познавање на состојбите. Имаат поделени мислења за дел од прашањата.

Ова истражување е прво од ваков тип во Република Северна Македонија и претставува значаен придонес во мулти-конфесионалниот мозаик на државата.

Концепт на истражувањата

Концептот на мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповед, но во случај на погрешна имплементација или злоупотеба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мулти-етничкиот концепт во изминатите неколку децении, мулти-религискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања - Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот Religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Република Северна Македонија како мулти-конфесионално општество.“ Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

Методологија на истражување

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и dual frame sampling model (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во Република Северна Македонија. Националните анкети се спроведуваат со стратификуван примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1074 испитаници со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол, возраст, професија и образование. Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 45% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3.2% со 95% интервал на веродостојност.

Анализа

Истражувањето кое е насловено **„Перцепции на граѓаните за Еврејската заедница и Евреите во Република Северна Македонија“** е спроведено на крајот на Септември 2024. Анкетата е направена помеѓу полнолетни испитаници на национално ниво. Целта на истражувањето беше да се проценат ставовите на верниците околу перцепциите за македонските Евреи и за Евреите генерално, улогата на Еврејската заедница во современото македонско општество, како и нивните основни познавања околу еврејската култура и јудаизмот како религија.

Како и во другите истражувања од овој проект, во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните и нивниот однос кон религијата.

Првото воведно прашање беше ***На која религија и припаѓате?***, при што 72% се изјасниле како православни и 24% муслимани, додека припадници на други религии или атеисти биле околу 4% од испитаниците. Сепак, како и во претходните слични истражувања треба да се има во предвид разликата помеѓу припадност и практикување на религија, каде првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат како и дали ќе ја практикуваат религијата за која одлучиле дека и припаѓаат. Токму затоа, второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?*** На ова прашање високи 57% (56% во анкетата од 2022) кажале дека се религиозни и дополнителни 31% (33% претходно) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 11% (идентично како и претходно) од испитаниците. Кај етничките Македонци и Албанци овој процент е 9%.

Следното прашање беше поставувано и во повеќе други анкети од циклусот *„Република Северна Македонија како мулти-конфесионално општество“* а како прашање тоа е стандардно и кај истражувањата на Евробарометар, на ниво на ЕУ, а гласеше ***Дали верувате дека 1.Бог постои како што е напишано во светите книги 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или Не постои ни Бог ни виша сила?***.

На ова прашање 73% се определиле за првата опција (идентично како и во анкетата од 2022), 14% за втората (16% во претходната анкета) и само 3% за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила, што е сличен резултат и со одговорите кога ова прашање беше поставувано и во повеќето претходни анкети од циклусот. Кај етничките Македонци процентите се 77% кои веруваат во Бог, потоа 16% веруваат во виша сила и 3% кои не веруваат во ништо, додека кај етничките Албанци 68% изјавиле дека веруваат во Бог, 11% во виша сила и 4% се определиле за третата опција. Овие одговори само ја потврдуваат констатацијата забележена и во претходните анкети дека Македонија е високо религиозна држава со релативно висок процент на религиозна популација кај обете најзастапени религии и етнички групи.

На прашањето Дали одите на служба во верски објект?, високи 76% одговориле потврдно, а 22% изјавиле дека не одат на служба во верски објект. Кај етничките Македонци овој процент е 82%, додека кај Албанците е 67%. Сепак, на следното прашање кое го одговараа испитаниците

кои одговориле потврдно на прашањето дали одат на служба во верски објект, а кое гласеше, ***Кога последен пат сте биле на служба во верски објект?,*** само 30% од етничките Македонци одговориле потврдно во текот на минатата недела, додека кај етничките Албанци овој процент е многу повисок, односно 56%. Минатиот месец како одговор одбрале 37% од Македонците и 24% од етничките Албанци, додека пред неколку месеци избрале 25% од Македонците и 12% од етничките Албанци кои посетуваат служба во верски објект. Генерално, од вкупниот број на испитаници кои одат на служба, 35% одговориле дека посетиле верски објект минатата недела, 34% минатиот месец, 22% пред неколку месеци и 6% минатата година. *Овие одговори укажуваат дека значаен дел од верниците од двете најголеми етнички заедници релативно често ги посетуваат верските храмови како еден од темелите на практикување на религијата. Од одговорите може да се забележи дека етничките Албанци кои одат во верски храм тоа го прават почесто, додека кај етничките Македонци е повисок процентот на оние кои посетуваат верски објект, иако не толку често.*

Следниот циклус на прашања беа наменети за генерална процена на основните познавања на македонските граѓани за јудаизмот.

Првото прашање од овој сет беше ***Дали Евреите имаат своја религија?*** На ова прашање најголем дел од испитаниците одговориле потврдно, односно дека евреите имаат своја религија односно 68%, додека 7% сметаат дека тие немаат своја религија, а 25% одговориле дека не знаат или немале одговор. На прашањето ***Како се вика еврејската религија?*** 32% одговориле точно, односно јудаизам, додека останатите испитаници не биле запознаени со името на религијата на евреите. На прашањето ***Дали знаете некој еврејски празник?,*** 16% од испитаниците посочиле некој од најголемите еврејски верски празници како Ханука, Јом Кипур, Рош Хашана, Пурим, Сукот или Песах (Пасха), додека останатите испитаници не знаеле. Во третото прашање од оваа група испитаниците беа запрашани ***На кој ден започнува еврејскиот празник Шабат или ден за одмор?*** На ова прашање 6% избрале петок на зајдисонце што е точен одговор. На последното прашање од овој дел од анкетата ***Како се вика најважната еврејска света книга?*** 15% одговориле со Тора/Мојсеево петокнижие/ Библија, додека останатите не знаеле. Од одговорите на испитаниците на прашањата поставени со цел да се утврдат основните познавања на јудаизмот од страна на генералната популација може да се заклучи дека *поголемиот дел од македонската популација има ограничени познавања за еврејската религија, односно јудаизмот. Иако поголемиот дел од испитаниците знаат дека Евреите имаат своја религија и значен дел знаат дека станува збор за јудаизам, кога говориме за основните начела на религијата, може да се заклучи дека најголемиот дел од македонската популација не е доволно запознаена со нив.*

Во следниот главен дел од прашалникот беа поставени повеќе прашања поврзани со македонските Евреи. Првото прашање беше ***Дали има синагога во Република Северна Македонија?*** На ова прашање релативно високи 41% од испитаниците дале потврден одговор. На прашањето ***Според вас колку Евреи има во Република Северна Македонија?*** 9% избрале 0-100, 29% 100-1000, 15% 1000-10000 и 4% над 10000. Релативно висок процент од испитаниците го избрале точниот одговор, кој соодветствува со бројот на Евреи според евиденцијата на Еврејската заедница во земјата. На прашањето ***Според вас, каква е улогата на Еврејската заедница во***

општественото живеење во Република Северна Македонија? Високи 35% одговориле *позитивна* и дополнителни 16% *донекаде позитивна,* односно над 50% од испитаниците има позитивно мислење за Еврејската заедница, додека 14% имаат *донекаде негативно* или *негативно* мислење од кои само 7% сметаат дека улогата на Еврејската заедница е *негативна,* а останатите 7% изјавиле *донекаде негативна.* На следното прашање одговорите се речиси идентични како претходното, односно 50% сметаат дека ***улогата на македонските Евреи за државата*** е позитивна (35% *позитивна*, 15% *донекаде позитивна*), а ниски 14% дека е *негативна* (по 7% *донекаде негативна* и *негативна*)**.** На прашањето ***Според вас, дали македонските Евреи ја почитуваат и се лојални граѓани на Република Северна Македонија?,*** високи 64% одговориле позитивно, додека само 9% сметаат дека македонските Евреи не ја почитуваат и не се лојални граѓани на државата.

Во контекст на ставовите околу македонските Евреи и Еврејската заедница беа поставени уште неколку прашања со цел да се детектира перцепција за степенот на интеграцијата во македонското општество. Со цел да се утврди степенот на блискост која македонските граѓани ја чувствуваат кон македонските Евреи беше поставено прашање креирано како скала на социјална дистанца на Богардус. Ваков тип на скали се корисни за да се измери степенот на блискост кон припадници на различни етнички, социјални или расни групи. Прашањето гласеше ***Дали би прифатиле Евреин како член на семејство, пријател, соработник, познаник?,*** каде степенот на интеграција, односно прифаќање е највисок доколку се избере член на семејство (со прогресија кон следните пониски степени на интеграција), а најнизок доколку се отфрлат сите понудени опции. Одговорите на ова прашање покажуваат дека *интеграцијата на македонските Евреи во општеството и нивното прифаќање од останатите социјални групи е на исклучително високо ниво.* Високи 59% од испитаниците би прифатиле Евреин како член на семејството, додека прифаќањето во останатите категории е над 70%. Само околу 15% од испитаниците не би прифатиле Евреин како познаник, соработник или пријател, а нешто повисоки 23% како член на семејство.

На прашањето ***Дали Евреите имаат соживот со другите етнички и верски заедници?,*** високи 65% одговориле потврдно, а само 11% сметаат дека тие немаат соживот со останатите заедници во државата. На прашањето ***Кои се најголеми пријатели на Евреите во Република Северна Македонија од другите религии?,*** најголем дел од испитаниците одговориле *православните верници* 31% што е и разбирливо со оглед дека најголем дел од испитаниците беа православни христијани, потоа следат *муслиманите* со 6%, *католиците* со 4%, *протестантите* со 3% и *атеистит*е со 2%. Околу 56% од граѓаните (42% одговориле со *да* и 14% со *донекаде да*) сметаат дека ***државата има направено доволно за македонската еврејска заедница,*** додека 13% (7% кажале *донекаде не* и 6% одговориле *не*) не го делат тоа мислење. Последното прашање од овој сегмент на истражувањето беше ***Дали Евреите имаат привилегиран статус во Република Северна Македонија или ги имаат истите права како и сите останати граѓани?***, на кое најголем дел од испитаниците или 66% одговориле дека Евреите ги имаат истите права како и останатите граѓани, додека само 11% сметаат дека тие имаат привилегиран статус во општеството.

Од одговорите на прашањата поврзани

со перцепцијата на граѓаните за македонските Евреи може да се заклучи дека *таа е исклучително позитивна, при што најголем дел од граѓаните имаат основни познавања за Еврејската заедница, сметаат дека таа има позитивна улога во општествениот живот, македонските Евреи имаат позитивна улога за државата и тие ја почитуваат и се нејзини лојални граѓани. Исто така нема голема социјална дистанца меѓу Евреите и другите етнички или религиозни групи, а испитаниците сметаат дека Евреите имаат соживот со останатите етнички и верски заедници. Најголем дел од граѓаните сметаат дека Евреите немаат привилегиран статус туку ги имаат истите права како и сите останати граѓани, како и дека Република Северна Македонија има направено доволно за Еврејската заедница во државата.*

Во овој дел на истражувањето беше вметнато и едно отворено прашање на кое испитаниците имаа можност да дадат свое мнение без притоа да им бидат понудени одговори. Прашањето беше генерално околу перцепцијата за Евреите и гласеше ***Што прво ви паѓа на памет кога ќе се спомнат Евреи?*** Во одговорите на ова прашање најголем дел од испитаниците ги потенцирале *холокаустот* со 15% и *моќ и материјални добра* со 9%, иако треба да се напомене дека околу 37% не дале одговор и дополнителни 9% одговориле со *не знам*. Во останатите перцепции на ова прашање може да се спомена*т луѓе како и сите други* 6%, *верници* 3%, *добри луѓе* 3%, *војна* 2%, *лоши луѓе* 2% итн. Доколку се сумираат одговорите на ова отворено прашање се добива впечаток дека доминираат одредени стереотипи за еврејскиот народ карактеристични не само за Република Северна Македонија туку и на европско па и глобално ниво, односно првите асоцијации со кои се поврзуваат Евреите се холокаустот и моќ и материјални добра, а кои соодветствуваат со одредени стереотипи како резултат на глобалниот историски наратив од поблиското минато поврзан со еврејскиот народ.

Следниот дел од анкетата се однесуваше на одредени општи познавања и перцепции за Евреите на генерално ниво. Првото прашање од овој дел беше ***Дали знаете што е антисемитизам?,*** на кое 31% од граѓаните посочиле дека тоа е *омраза кон Евреите*, додека останатите не дале точна дефиниција или воопшто не го одговориле прашањето. Може да се заклучи дека *иако околу третина од испитаниците знаат што е антисемитизам, повеќето не се запознаени со точната дефиниција на поимот.*

На прашањето ***Дали знаете што е холокауст?,*** високи 65% изјавиле дека тоа е *геноцид, односно масовно убиство и прогона на евреите во втората светска војна*, додека 22% дале друг одговор, а 14% не го одговориле прашањето. За разлика од претходното прашање за дефиниција на антисемитизмот, може да се заклучи *дека голем дел од граѓаните се запознаени со холокаустот кој им се случил на евреите во втората светска војна*. Следното прашање е истотака поврзано со холокаустот, односно ***Дали верувате дека холокаустот, односно масовно убиство на Евреите, се случил во втората светска војна?*** Слично како и на претходното прашање, *високи 66% од граѓаните сметаат дека холокаустот се случил, додека само 9% имаат мислење дека немало холокауст.* Одговорите на ова прашање и беа очекувани со оглед дека најголем дел од предвоената македонска еврејска популација, била депортирана и систематски убиена во логорите на смртта за време на втората светска војна

Последниот дел од анкетата се состои од две прашања поврзани со глобални теми

кои се однесуваат на Евреите. Првото прашање од овој сет беше ***Дали верувате дека постои светско еврејско лоби?,*** околу 42% одговориле со *да* и 22% со *не*, додека останатите не знаеле. На последното прашање ***Дали верувате дека Евреите го контролираат светот?*** 24% одговориле потврдно додека 46% не веруваат дека Евреите го контролираат светот. Од оваа последна група прашања може да се заклучи повеќе испитаници сметаат дека *постои светско еврејско лоби без притоа да се дава каква било конотација, било да е таа позитивна или негативна, што се забележува и од одговорите на последното прашање каде најголем дел од испитаниците не веруваат во одредени тврдења или инсинуации дека токму Евреите се тие кои што го контролираат светот. Ова е во целосна корелација со позитивните перцепции кои македонските граѓани ги имаат за Евреите и Еврејската заедница, а кои се нотираа во претходните сегменти од истражувањето.*

Заклучок

- **Поголемиот дел од македонската популација има ограничени познавања за еврејската религија, односно јудаизмот.**
- **Иако поголемиот дел од испитаниците знаат дека Евреите имаат своја религија и значен дел знаат дека станува збор за јудаизам, кога говориме за основните начела на религијата, може да се заклучи дека најголемиот дел од македонската популација не е доволно запознаена со нив.**
- **Перцепцијата на граѓаните за македонските Евреи е исклучително позитивна, при што најголем дел од граѓаните имаат основни познавања за Еврејската заедница, сметаат дека таа има позитивна улога во општествениот живот, македонските Евреи имаат позитивна улога за државата и тие ја почитуваат и се нејзини лојални граѓани.**
- **Нема голема социјална дистанца помеѓу Евреите и другите етнички или религиозни групи, а испитаниците сметаат дека Евреите имаат соживот со останатите етнички и верски заедници.**
- **Најголем дел од граѓаните сметаат дека Евреите немаат привилегиран статус туку ги имаат истите права како и сите останати граѓани.**
- **Според испитаниците, државата има направено доволно за Еврејската заедница во земјата.**
- **Се добива впечаток дека доминираат одредени стереотипи за еврејскиот народ карактеристични не само за Република Северна Македонија туку и на европско па и глобално ниво.**
- **Првите асоцијации со кои се поврзуваат евреите се холокаустот и моќ и материјални добра, кои соодветствуваат со одредени стереотипи како резултат на глобалните историски наративи.**
- **Иако околу третина од испитаниците знаат што е антисемитизам, повеќето не се запознаени со точната дефиниција на поимот.**
- **Голем дел од граѓаните се запознаени со холокаустот кој им се случил на Евреите во втората светска војна.**
- **Високи 66% од граѓаните сметаат дека холокаустот се случил, додека само 9% имаат мислење дека немало холокауст.**
- **Повеќето испитаници сметаат дека постои светско еврејско лоби без притоа да се дава каква било конотација, било да е таа позитивна или негативна, што се забележува и од одговорите на последното прашање каде најголем дел од испитаниците не веруваат во одредени тврдења или инсинуации дека токму Евреите се тие кои што го контролираат светот. Ова е во целосна корелација со позитивните перцепции кои македонските граѓани ги имаат за Евреите и Еврејската заедница, а кои се нотираа во претходните сегменти од истражувањето.**

Демографски карактеристики

1.1 Табела

Пол		
	Испитаници	Процент
Машки	525	48.9
Женски	549	51.1
Вкупно	1074	100.0

1.1 Графикон



1.2 Табела

Возраст		
	Испитаници	Процент
до 29 години	174	16.2
од 30 до 39 години	195	18.2
од 40 до 49 години	214	19.9
од 50 до 59 години	207	19.3
над 60 години	284	26.4
Вкупно	1074	100.0

1.2 Графикон



1.3 Табела

Образование		
	Испитаници	Процент
до основно	83	7.7
основно	123	11.5
средно	633	58.9
вишо и високо	235	21.9
Вкупно	1074	100.0

1.3 Графикон



1.4 Табела

Професија			
		Испитаници	Процент
	Студент	42	3.9
	Вработен во приватен сектор	382	35.6
	Вработен државен сектор	213	19.8
	Самовработен или сопственик на приватен бизнис	34	3.2
	Земјоделец	16	1.5
	Пензионер	242	22.5
	Невработен	138	12.8
	Друго	7	0.7
	Вкупно	1074	100.0

1.4 Графикон



1.5 Табела

Етникум		
	Испитаници	Процент
Македонец	762	70.9
Албанец	249	23.2
Друго	63	5.9
Вкупно	1074	100.0

1.5 Графикон



1.6 Табела

Место		
	Испитаници	Процент
Село	271	25.2
Помал град	249	23.2
Поголем град	307	28.6
Скопје	247	23.0
Вкупно	1074	100.0

1.6 Графикон



1.7 Табела

Регион	Испитаници	Процент
Вардарски регион	89	8.3
Источен регион	100	9.3
Југозападен регион	114	10.6
Југоисточен регион	99	9.2
Пелагониски регион	132	12.3
Полошки регион	161	15.0
Североисточен регион	82	7.6
Скопски регион	297	27.7
Вкупно	1074	100.0

1.7 Графикон



Табеларен приказ на резултатите :

П.1 На која религија и припаѓате?



		2022	2024
На која религија и припаѓате?	Православна	69.5%	**71.7%**
	Исламска	27.0%	**24.1%**
	Друга	.7%	**2.5%**
	Атеист	1.0%	**1.5%**
	НЗ/НО	1.8%	**0.2%**

		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1074**	**100%**	**525**	**549**	**174**	**195**	**214**	**207**	**284**	**83**	**123**	**633**	**235**	**42**	**382**	**213**	**34**	**16**	**242**	**138**	**7**
На која религија и припаѓате?	Православна	770	**71.7%**	69.7%	73.6%	70.1%	68.7%	67.3%	69.1%	79.9%	56.6%	60.2%	73.6%	77.9%	76.2%	69.4%	76.1%	55.9%	43.8%	81.0%	60.9%	71.4%
	Исламска	259	**24.1%**	25.1%	23.1%	28.2%	22.6%	25.2%	29.5%	18.0%	38.6%	37.4%	22.0%	17.9%	21.4%	25.1%	20.7%	41.2%	56.3%	18.2%	29.7%	28.6%
	Католичка	18	**1.7%**	1.7%	1.6%	1.7%	3.6%	1.9%	1.0%	0.7%	2.4%	2.4%	1.6%	1.3%	2.4%	2.4%	1.9%				2.9%	
	Протестантска	9	**0.8%**	0.8%	0.9%		2.1%	0.9%	0.5%	0.7%	2.4%		0.8%	0.9%		1.3%	0.5%				2.2%	
	Јудеизам (еврејска)	0	**0.0%**																			
	Атеист	16	**1.5%**	2.3%	0.7%		3.1%	4.2%		0.4%			1.7%	2.1%		1.6%	0.9%	2.9%		0.4%	4.3%	
	Друга	0	**0.0%**																			
	НЗ/НО	2	**0.2%**	0.4%				0.5%		0.4%			0.3%			0.3%				0.4%		

		Етникум			Место				Регион								
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**762**	**249**	**63**	**271**	**249**	**307**	**247**	**89**	**100**	**114**	**99**	**132**	**161**	**82**	**297**
На која религија и припаѓате?	Православна	98.6%	1.2%	25.4%	45.0%	82.3%	79.5%	80.6%	92.1%	98.0%	65.8%	92.9%	92.4%	23.0%	56.1%	73.4%
	Исламска		94.4%	38.1%	45.8%	14.5%	16.6%	19.4%	2.2%		31.6%	1.0%	7.6%	74.5%	28.0%	22.6%
	Католичка	0.1%	2.8%	15.9%	4.8%	0.4%	1.3%		1.1%		0.9%	1.0%		1.2%	7.3%	2.4%
	Протестантска	0.3%		11.1%	2.2%	0.4%	0.7%		2.2%			1.0%		0.6%	1.2%	1.3%
	Јудеизам (еврејска)															
	Атеист	0.9%	1.6%	7.9%	2.2%	1.6%	2.0%		2.2%	2.0%	1.8%	2.0%		0.6%	7.3%	0.3%
	Друга															
	НЗ/НО	0.1%		1.6%		0.8%						2.0%				

П.2 Дали за себе можете да кажете дека сте религиозен/на?



		2022	2024
Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?	Да	55.5%	**57.4%**
	Донекаде да	32.9%	**30.7%**
	Донекаде не	5.0%	**6.0%**
	Не	5.5%	**4.7%**
	НЗ/НО	1.1%	**1.1%**

	ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
			Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници	**1074**	**100%**	**525**	**549**	**174**	**195**	**214**	**207**	**284**	**83**	**123**	**633**	**235**	**42**	**382**	**213**	**34**	**16**	**242**	**138**	**7**
Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?	Да	617	**57.4%**	56.2%	58.7%	52.3%	58.5%	50.5%	63.8%	60.6%	63.9%	63.4%	55.5%	57.4%	35.7%	53.9%	58.7%	67.6%	75.0%	62.0%	58.7%	71.4%
	Донекаде да	330	**30.7%**	32.4%	29.1%	30.5%	30.8%	32.2%	29.0%	31.0%	27.7%	28.5%	34.4%	23.0%	47.6%	29.6%	31.0%	23.5%	25.0%	28.5%	34.8%	28.6%
	Донекаде не	64	**6.0%**	5.5%	6.4%	6.9%	7.7%	8.4%	2.9%	4.6%	6.0%	4.1%	5.1%	9.4%	14.3%	7.3%	5.2%	2.9%		5.0%	4.3%	
	Не	51	**4.7%**	5.1%	4.4%	6.9%	1.0%	8.9%	4.3%	3.2%	2.4%	2.4%	3.9%	8.9%	2.4%	7.1%	4.2%	5.9%		3.7%	2.2%	
	НЗ/НО	12	**1.1%**	0.8%	1.5%	3.4%	2.1%			0.7%		1.6%	1.1%	1.3%		2.1%	0.9%			0.8%		

	Етникум			Место				Регион							
	Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозапален	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници	**762**	**249**	**63**	**271**	**249**	**307**	**247**	**89**	**100**	**114**	**99**	**132**	**161**	**82**	**297**
Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?	Да	61.5%	52.2%	28.6%	52.0%	61.0%	58.0%	59.1%	51.7%	66.0%	54.4%	62.6%	62.1%	68.3%	35.4%	53.9%
	Донекаде да	28.9%	36.1%	31.7%	31.4%	28.9%	33.2%	28.7%	36.0%	24.0%	36.8%	25.3%	32.6%	21.1%	47.6%	30.6%
	Донекаде не	3.9%	6.0%	30.2%	10.3%	4.4%	4.6%	4.5%	7.9%	3.0%	2.6%	6.1%	2.3%	5.0%	13.4%	7.7%
	Не	5.2%	2.8%	6.3%	2.6%	5.6%	4.2%	6.9%	4.5%	7.0%	2.6%	6.1%	3.0%	3.1%	3.7%	6.4%
	НЗ/НО	0.4%	2.8%	3.2%	3.7%			0.8%			3.5%			2.5%		1.3%

П.3 Дали верувате дека:



		2022	2024
Дали верувате дека:	Бог постои како што е напишано во светите	73.1%	**73.1%**
	Бог не постои како што е напишано во светите книги, но постои некоја виша сила	15.8%	**14.3%**
	не постои ниту Бог ниту виша сила	3.0%	**3.4%**
	НЗ/НО	8.1%	**9.1%**

		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1074**	**100%**	**525**	**549**	**174**	**195**	**214**	**207**	**284**	**83**	**123**	**633**	**235**	**42**	**382**	**213**	**34**	**16**	**242**	**138**	**7**
Дали верувате дека:	Бог постои како што е напишано во светите	785	**73.1%**	75.0%	71.2%	73.6%	69.7%	65.9%	79.7%	75.7%	73.5%	77.2%	72.8%	71.5%	73.8%	69.1%	75.6%	73.5%	75.0%	77.3%	71.0%	100.0%
	Бог не постои како што е напишано во светите книги, но постои некоја виша сила	154	**14.3%**	12.8%	15.8%	13.2%	15.4%	15.0%	14.0%	14.1%	19.3%	13.0%	13.6%	15.3%	16.7%	16.2%	10.8%	20.6%	25.0%	14.0%	12.3%	
	не постои ниту Бог ниту виша сила	37	**3.4%**	3.4%	3.5%	4.6%	5.6%	3.3%	1.4%	2.8%	2.4%	0.8%	4.1%	3.4%	4.8%	4.2%	3.3%	2.9%		2.1%	4.3%	
	НЗ/НО	98	**9.1%**	8.8%	9.5%	8.6%	9.2%	15.9%	4.8%	7.4%	4.8%	8.9%	9.5%	9.8%	4.8%	10.5%	10.3%	2.9%		6.6%	12.3%	

		Етникум			Место				Регион							
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**762**	**249**	**63**	**271**	**249**	**307**	**247**	**89**	**100**	**114**	**99**	**132**	**161**	**82**	**297**
Дали верувате дека:	Бог постои како што е напишано во светите	77.3%	67.9%	42.9%	70.1%	79.9%	74.3%	68.0%	65.2%	90.0%	84.2%	81.8%	72.0%	78.3%	58.5%	64.3%
	Бог не постои како што е напишано во светите книги, но постои некоја виша сила	15.5%	10.4%	15.9%	12.5%	10.8%	16.6%	17.0%	13.5%	8.0%	8.8%	8.1%	25.0%	10.6%	18.3%	17.2%
	не постои ниту Бог ниту виша сила	2.4%	4.4%	12.7%	4.1%	2.8%	2.9%	4.0%	5.6%			2.0%	1.5%	2.5%	12.2%	4.7%
	НЗ/НО	4.9%	17.3%	28.6%	13.3%	6.4%	6.2%	10.9%	15.7%	2.0%	7.0%	8.1%	1.5%	8.7%	11.0%	13.8%

П.4 Дали одите на служба во верски објект?



		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1074**	**100%**	**525**	**549**	**174**	**195**	**214**	**207**	**284**	**83**	**123**	**633**	**235**	**42**	**382**	**213**	**34**	**16**	**242**	**138**	**7**
Дали одите на служба во верски објект?	Да	821	**76.4%**	77.3%	75.6%	66.1%	71.3%	72.4%	88.9%	80.3%	84.3%	82.1%	74.4%	76.2%	52.4%	72.3%	81.7%	88.2%	93.8%	80.2%	75.4%	85.7%
	Не	238	**22.2%**	21.9%	22.4%	31.6%	26.7%	25.2%	10.1%	19.7%	15.7%	16.3%	24.0%	22.6%	47.6%	25.4%	16.4%	11.8%	6.3%	19.8%	23.2%	14.3%
	НЗ/НО	15	**1.4%**	0.8%	2.0%	2.3%	2.1%	2.3%	1.0%			1.6%	1.6%	1.3%		2.4%	1.9%				1.4%	

		Етникум			Место				Регион							
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозапден	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**762**	**249**	**63**	**271**	**249**	**307**	**247**	**89**	**100**	**114**	**99**	**132**	**161**	**82**	**297**
Дали одите на служба во верски објект?	Да	82.0%	66.7%	47.6%	69.4%	83.1%	84.0%	68.0%	75.3%	88.0%	77.2%	87.9%	83.3%	80.7%	69.5%	65.3%
	Не	18.0%	28.1%	49.2%	25.5%	16.9%	16.0%	31.6%	24.7%	12.0%	18.4%	12.1%	16.7%	16.8%	28.0%	33.3%
	НЗ/НО		5.2%	3.2%	5.2%			0.4%			4.4%			2.5%	2.4%	1.3%

П.5 Кога последен пат сте биле на служба во верски објект?

* испитаници што одат на служба во верски објект

		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**821***	**100%**	**406**	**415**	**115**	**139**	**155**	**184**	**228**	**70**	**101**	**471**	**179**	**22**	**276**	**174**	**30**	**15**	**194**	**104**	**6**
Кога последен пат сте биле на служба во верски објект?	во текот на минатата недела	290	**35.3%**	37.2%	33.5%	31.3%	33.1%	34.8%	38.6%	36.4%	27.1%	36.6%	36.1%	35.8%	22.7%	35.1%	36.8%	36.7%	53.3%	36.6%	29.8%	50.0%
	минатиот месец	279	**34.0%**	33.7%	34.2%	38.3%	36.7%	36.1%	35.3%	27.6%	40.0%	26.7%	35.9%	30.7%	18.2%	40.9%	33.9%	23.3%	20.0%	29.4%	34.6%	
	пред неколку месеци	184	**22.4%**	21.7%	23.1%	23.5%	23.7%	18.7%	20.7%	25.0%	22.9%	23.8%	20.0%	27.9%	36.4%	16.7%	25.3%	33.3%	26.7%	23.2%	25.0%	16.7%
	минатата година	50	**6.1%**	5.7%	6.5%	7.0%	5.0%	7.1%	3.8%	7.5%	7.1%	4.0%	6.6%	5.6%	22.7%	5.4%	2.9%	6.7%		6.7%	8.7%	16.7%
	не одам	6	**0.7%**	0.7%	0.7%		0.7%	1.3%	0.5%	0.9%	2.9%	3.0%	0.2%			1.1%				1.0%	1.0%	
	НЗ/НО	12	**1.5%**	1.0%	1.9%		0.7%	1.9%	1.1%	2.6%		5.9%	1.3%			0.7%	1.1%			3.1%	1.0%	16.7%

		Етникум			Место				Регион							
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**625**	**166**	**30**	**188**	**207**	**258**	**168**	**67**	**88**	**88**	**87**	**110**	**130**	**57**	**194**
Кога последен пат сте биле на служба во верски објект?	во текот на минатата недела	30.2%	56.0%	26.7%	33.0%	34.8%	41.9%	28.6%	23.9%	36.4%	50.0%	40.2%	22.7%	50.0%	33.3%	27.8%
	минатиот месец	37.0%	24.7%	23.3%	38.8%	33.8%	31.8%	32.1%	34.3%	30.7%	34.1%	35.6%	37.3%	30.8%	38.6%	33.5%
	пред неколку месеци	25.1%	12.0%	23.3%	18.1%	24.6%	19.4%	29.2%	34.3%	22.7%	8.0%	16.1%	34.5%	14.6%	17.5%	27.3%
	минатата година	6.4%	3.6%	13.3%	6.9%	3.4%	6.6%	7.7%	7.5%	5.7%	3.4%	6.9%	5.5%	4.6%	5.3%	8.2%
	не одам	0.3%	1.2%	6.7%	1.6%	1.0%	0.4%			2.3%					3.5%	1.0%
	НЗ/НО	1.0%	2.4%	6.7%	1.6%	2.4%		2.4%		2.3%	4.5%	1.1%			1.8%	2.1%

П.6 Дали Евреите имаат своја религија?



		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија								
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1074**	**100%**	**525**	**549**	**174**	**195**	**214**	**207**	**284**	**83**	**123**	**633**	**235**	**42**	**382**	**213**	**34**	**16**	**242**	**138**	**7**
Дали Евреите имаат своја религија?	Да	730	**68.0%**	69.3%	66.7%	71.3%	70.3%	71.0%	67.6%	62.3%	60.2%	51.2%	67.3%	81.3%	71.4%	71.5%	72.3%	73.5%	68.8%	64.0%	56.5%	57.1%
	Не	80	**7.4%**	8.0%	6.9%	8.6%	7.2%	9.8%	7.2%	5.3%	7.2%	13.0%	7.4%	4.7%	11.9%	7.3%	7.0%	2.9%		5.0%	13.8%	
	НЗ/НО	264	**24.6%**	22.7%	26.4%	20.1%	22.6%	19.2%	25.1%	32.4%	32.5%	35.8%	25.3%	14.0%	16.7%	21.2%	20.7%	23.5%	31.3%	31.0%	29.7%	42.9%

		Етникум			Место			Регион								
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
